Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТА ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр.2202-108/4 од 8 април 2011 година, донесена на четвртата седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 7 април 2011 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***асистент*** за наставно-научната област ***подготовка на минерални суровини*** на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, во состав:

1. проф. д-р Мирјана Голомеова, претседател,
2. проф. д-р Борис Крстев, член,
3. проф. д-р Благој Голомеов, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 18 март 2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Афродита Зенделска, помлад асистент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатката, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки Комисијата му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Афродита Зенделска** е родена на 25 април 1983 година, во Штип. Дипломира на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, во 2006 година. Во периодот од март 2007 до септември 2007 година е ангажирана за волонтер во ЈП „Исар“ - Штип, а од септември 2007 до декември 2007 година е вработена во Рудник за олово и цинк „САСА” ДООЕЛ, М.Каменица, како инженер за лабораториски испитувања. На 31 декември 2007 година се вработува на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Факултет за рударство, геологија и политехника, како помлад асистент по предмети од областа на рударството. Магистрира на 28 декември 2010 година на Факултетот за природни и технички науки - Катедра за минерална технологија, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, на тема *„Проценка на квалитетот на водите, почвите и седиментите во околината на хидројаловиштето на рудникот ‘САСА’ и неговото влијание врз животната средина”* под менторство на проф. д-р Мирјана Голомеова. Во периодот 14-18 декември 2009 година и 15-19 февруари 2010 година присуствува на курс за пречистување на рудничка отпадна вода, организиран од The Association for Overseas Technical Scholarship (AOTS), Јапонија, а имплементиран од Mitsubishi Materials Techno Corporation во соработка со GOETECHMIN OOD, Софија, Бугарија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Афродита Зенделска во изминатиов тригодишен период многу успешно и квалитетно ги извршува работните задачи, изведувајќи вежби во наставата на насоката Рударство по следниве предмети: Минерално инженерство, Методи на испитување во минералната технологија, Нумерички методи (Штип и Кавадарци), Минерална технологија II, Флотација, како и група изборни предмети од Катедрата за минерална технологија. Исто така, беше ангажирана за изведување на вежби и на студиските програми Индустриска логистика и Индустриски менаџмент, по предметите: Операциони истражувања I и II,

Модели на оптимизација, Деловна информатика и Комерцијална логистика.

Кандидатката м-р Афродита Зенделска активно работи и во полето на научноистражувачката работа за што зборуваат аргументите дека таа е автор на три и коавтор на пет научно-стручни трудови, презентирани на домашни научни и стручни собири, со теми од областа на минералната технологија. Во продолжение е прикажана кратка евалуација на објавените научни и стручни трудови каде кандидатката м-р Афродита Зенделска се јавува како автор и коавтор.

1. Application of dispersion analysis for determining classifying separation size,M. Golomeova, B. Golomeov, B. Krstev, A. Zendelska, A. Krstev, *University “Goce Delcev” Stip, Faculty of Natural & Technical Sciences - Stip, Macedonia,* Natural resources and technology, No 3, Volume 3, 2009 - UGD, Stip.
2. ECOLOGICAL EVALUATION OF POLLUTED SOILS FROM SASA MINE, B. Krstev, B. Golomeov, M. Golomeova and A. Zendelska, A. Krstev, *University “Goce Delcev” Stip, Faculty of Natural & Technical Sciences - Stip, Macedonia,* Natural resources and technology, No 3, Volume 3, 2009 - UGD, Stip.
3. EVALUATION MODELS FOR CONTAMINATED SITES – BIOLOGICAL SISTEM AT RISK, M. Golomeova, B. Krstev, B. Golomeov and A. Zendelska, A. Krstev, *University “Goce Delcev” Stip, Faculty of Natural & Technical Sciences - Stip, Macedonia,* Natural resources and technology, No 3, Volume 3, 2009 - UGD, Stip.
4. ПРИМЕНА НА ПОВЕЌЕКРИТЕРИУМСКАТА ОПТИМИЗАЦИЈА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ ВО РУДАРСТВОТО, Стојанче Мијалковски, Благица Донева, Радмила Каранакова-Стефановска, Афродита Зенделска, Трајче Митев – Институт за рударство, ФПТН, УГД, Штип, Зборник на трудови, ПОДЕКС ’09, 4-5.12.2009 М. Каменица.
5. *Примена на зеолитите за прочистување на отпадните води со помош на јонска размена и апсорпција*, Афродита Зенделска, Мирјана Голомеова, Благој Голомеов, Александар Крстев, Природни ресурси и технологии, број 4, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, ноември 2010.
6. *Примена на електрофлотацијата за искористување на фини и ултрафини честички*, Афродита Зенделска, Благој Голомеов, Борис Крстев, Александар Крстев, Природни ресурси и технологии, број 4, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, ноември 2010.
7. *Методи и начини на земање на мостри од почва и седименти*, Афродита Зенделска, Македонско рударство и геологија, број 19, СРГИМ, декември 2010.
8. GRAVITY SEPARATION FOR TREATMENT ON WASTE WATER CONTAMINATED WITH OIL, Mirjana Golomeova, Afrodita Zendelska, Boris Krstev, Aleksandar Krstev, *University “Goce Delchev” Shtip, Faculty of Natural & Technical Siences, Shtip, Macedonia,* Natural resources and technology, No 4, Volume 4, 2010 - UGD, Stip.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на научната и стручната активност на кандидатката м-р Афродита Зенделска, како и нејзините наставно-образовни активности, и врз основа на задоволените критериуми од Правилникот за единствените критериуми за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев” (остварени 45,8 поени), со посебно задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип **да ја избере кандидатката м-р Афродита Зенделска во звање асистент за наставно-научната област *подготовка на минерални суровини* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Голомеова, претседател. с.р.**
**Проф. д-р Борис Крстев, член, с.р.**
**Проф. д-р Благој Голомеов, член, с.р.**

**Прилог 1**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Афродита Зенделска, според критериумите за избор на соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| **Вежби:** | 23 | 0,2x3год. =0,6 | **13,8** |
| Минерално инженерство (2+2+1) | | | |
| Методи на испитување во мин. тех. (2+2+2) | | | |
| Нумерички методи, Штип (2+2+2)<br>Нумерички методи, Кавадарци (2+2+2) | | | |
| Минерална технологија II (2+2+2) | | | |
| Флотација (2+2+1) | | | |
| Операциони истражувања (2+2+1) | | | |
| Операциони истражувања I (2+2+1) | | | |
| Операциони истражувања II (2+2+1) | | | |
| Модели на оптимизација (2+2+2) | | | |
| Деловна информатика (1+1+1) | | | |
| Комерцијална логистика (2+2+2) | | | |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во домашно списание | 7 | 3 | **21** |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен собир во земјава | 1 | 1 | **1** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | **2** |
| (Уписна комисија ФПТН-Пробиштип) | | | |
| Техничко унапредување | 2 | 2 | **4** |
| **Вкупно:** | | | **45,8** |